Република Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Медицински факултет

Republic of Macedonia
Ss. Cyril and Methodius in Skopje
Faculty of Medicine

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ
Република Македонија
Бр. 02-244/1
18-01 2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 163 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр. 82/2018), одлуката од Наставно-научниот совет на Факултетот бр. 02-6498/25 од 27.12.2018 година и член 20 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник 411 од 05.11.2018 година), Деканот на Медицинскиот факултет во Скопје распишува

# ИНТЕРЕН КОНКУРС
## *за избор на демонстратор*

1. Се распишува интерен конкурс за избор на демонстратор, како помошник во наставно-образовниот процес на првиот циклус студии, а за потребите на Медицинскиот факултет во Скопје за учебната 2018/2019 година, и тоа за:

1. ***Катедра за анестезиологија со реанимација*** – 1 демонстратор за:
    - предметот *Анестезија, анестезија со реанимација и здравствена нега* од студиската програма по општа медицина.

**2. Кандидатот треба да ги исполнуваат следниве услови**:

- да е студент на интегриран прв и втор циклус на академски студии на Медицинскиот факултет со остварени најмалку 180 ЕКТС кредити и просечна оцена од најмалку 8,00 (осум) или
- да е студент на втор или трет циклус на студии од соодветната студиска програма со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските академски студии.

**3. Потребни документи на кандидатот:**
- пријава во која ќе биде назначена Катедрата за која се пријавува;
- кратка биографија;

- потврда за редовен студент на Медицинскиот факултет во Скопје (за точка 2 алинеја 1);
- уверение за положени испити (за точка 2 алинеја 1);
- уверение за завршени додипломски студии - копија заверена на нотар (за точка 2 алинеја 2);
- диплома за завршени додипломски студии - копија заверена на нотар (за точка 2 алинеја 2);
- потврда дека е студент на втор или трет циклус на студии (за точка 2 алинеја 2).

Пријавата со потребните документи се поднесува до Архивата на Медицинскиот факултет во Скопје најдоцна во рок од 5 (пет) дена од денот на објавување на огласот.

Декан
Проф.д-р Соња Топузовска,